КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

# НАГРАДИ

# за 2020 година

**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**

# НАГРАДА

именувана

проф. д-р АЛЕКСАНДАР - ЦАНЕ АНГЕЛОВ

се доделува на

## Наки КОСТОВ

**дипломиран градежен инженер**



КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ



# Наки КОСТОВ, дипл. град. инж.

Од 13.11.2007 година до денес вработен во ПРИМА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО-СКОПЈЕ како Одговорен проектант за изработка на проектна документација на низа значајни објекти. Во наведениот период учествувам во изработка на проектна документација во земјава почнувајќи како соработник, Проектант и Одговорен проектант.

Проекти кои ги има изработено во својата кариера, а имаат допринесено за развојот во проектирањето во делот на патната инфраструктура.

- Р 1102 Делница Велес-Градско-Неготино-Демир Капија Л=55.0 km
- А1 Делница Фаришка Клисура-Прилеп Л=17.0 km
- Р 1102 Делница Катланово-Велес Л=22.0 km
- Р 1303 Делница Кичево-Македонски Брод Л=26.0 km
- Р 1206 Делница Карпалак-Желино Л=12.0 km
- Р 1210 Делница Македонска Каменица-Саса Л=9.0 km
- Р 1210 Делница Узем-Тораница Л=7.0 km

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

# НАГРАДА

именувана

проф. БОРИС ЧИПАН

се доделува на

## Бесиан **МЕХМЕТИ**

дипломиран инженер архитект



КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ



# Бесиан МЕХМЕТИ, дипл. инж. арх

Бесиан Мехмети е основач на студиото БМА во 2012 година, како плод на неколкугодинишна соработка и freelance искуства во областа на архитектурата, урбанизмот и дизајнот. Откако дипломирал на Архитектонскиот факултет во Скопје, тој е ангажиран во бројни проекти и наградени конкурсни решенија, меѓу кои и проектот за Плоштад Скендербег во Скопје, Театарот и библиотеката во Тетово, и неодамна првонаградениот проект за основно училиште Киро Глигоров во Капиштец, Скопје. Има учествувано на неколку изложби, вклучувајќи го Венециското биенале во 2012 година. Во последно време повикан е како гостин предавач на симпозиуми, формални и неформални средби за архитектура.

Покрај праксата, со години е активен и како асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје, Одделот за архитектура при Државниот универзитет во Тетово и Факултетот за архитектура и дизајн на УАКС.

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

# НАГРАДА

именувана

проф. д-р СТАНИМИР ЈОВАНОВСКИ

се доделува на

## **Миле ДАБЕСКИ**

дипломиран електро инженер



КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ



# Миле ДАБЕСКИ, дипл. ел. инж.

Роден е во 1973 година во Македонски Брод каде го завршил основното образование. Среднотехничко училиште го завршил во Битола, а стручното образование го оформил на ФЕИТ во Скопје каде ги завршил и постдипломските студии на насоката за Метрологија и менаџмент на квалитетот.

Практикувањето на струката го започнал во ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА во Македонски Брод каде како раководител на групата за одржување и изградба на подземни и надземни мрежи се судрил не само со решавањето на практичните проблем туку и со противречностите, недореченостите и девијациите на законските решенија и правилници. Ова станува негова постојана цел и целата своја професионална енергија ја насочува во пронаоѓање начини на подобрување на методите на практикување на струката во доменот на дистрибуција на електричната енергија.

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

# НАГРАДА

именувана

проф. д-р ИЛИЈА ЧЕРЕПНАЛКОВСКИ

се доделува на

## Раде ЈАКИМОВСКИ

дипломиран машински инженер





# Раде ЈАКИМОВСКИ, дипл. маш. инж.

Раде Јакимовски е роден  на 6.8.1956 год. во с.Костур, Република Македонија, завршил средно образование во ЕМУЦ „Никола  Тесла“ – Скопје, а дипломирал на Машинскиот факултет во Скопје и се здобил со звање Дипломиран универзитетски инженер по машинство во областа на „материјали, заварување и конструктивно инженерство”.
Со прво работно искуство се здобива во ФАМОРД – РЖС Скопје каде работи до 1982, а потоа од ноември 1982 год. работи во ФАКОМ Скопје,каде ја гради својата кариера, се до денес, започнувајки како проектант, усовршувајки се во самостоен проектант, па се здобива со звање раководител на машинска група и веќе денес е на работно место директор на Р. Е. ПРОЕКТ.
Низ неговото долгогодишно работно искуство цело време преовладува големата желба за работа во машинската индустрија, посебно во областа на проектирањето, Ентузијазмот и желбата за понатамошно усовршување, како и посветеноста на работните задачи, дисциплинираност и мотивираност.

**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ**
**И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**

# ПЛАКЕТА

ЗА ПРИДОНЕС ВО РАЗВОЈОТ НА
ИНЖЕНЕРСТВОТО - ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

се доделува на

## Проф. д-р Константин ДИМИТРОВ

дипломиран машински инженер



КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ



# Проф. Д-р Константин ДИМИТРОВ,

Проф. Д-р. Константин Димитров, награден иноватор, е научник и истражувач со повеќе од 470 објавени трудови од научни проекти, студии, научни трудови во земјата и странство, проекти со висока стапка на успешна реализација, дијагностички истражувања, експертски ревизии и учебници. Бил професор на три универзитети: во Скопје, Битола и Приштина, а држел предавања на специјалистички курсеви во неколку земји.

Учествувал во голема мерка при подготовка на стратешки и законски документи од национално значење, како што е Закон за Енергетска ефикасност, Правилник за високоефикасни когенеративни постројки, Правилник за енергетски карактеристики на згради, Стратегијата за енергетика до 2030 година, Стратегија за енергетска ефикасност до 2018 година, како и Прв, Втор и Трет Национален Акциски План за Енергетска Ефикасност.

Тој има забележителни експертизи во енергетската техничка дијагностика спроведувајќи бројни мерења и дијагностика поврзани со ставање во погон на енергетски постројки (ТЕЦ Неготино, РЕК Битола 1 и 2, РЕК Осломеј, Алкалоид – нова фабрика за пеницилин, Пивара, фабрика „Кока-Кола“ и др.).

**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**

# ПЛАКЕТА

## ЗА ДОЛГОГОДИШЕН ПРИДОНЕС ВО РАБОТАТА И РАЗВОЈОТ НА КОМОРАТА

се доделува на

# Владко ТОДОРОВСКИ

## дипломиран електро инженер





# Владко ТОДОРОВСКИ, дипл. инж. ел.

Владко Тодоровски е електротехнички инженер роден во 1959 година во Скопје, каде што живее и денес. Како стипендист на фабриката „Раде Кончар", по завршувањето на високото образование во неа е ангажиран во одделот за контрола на квалитетот на производство на расклопни постројки и на компоненти за воена опрема. Во 1990 година со својот татко ја основа сопствената фирма „БЛАКОМ– инженеринг" во Скопје, каде што и денес работи. Фирмата се занимава со изработка на проекти за фаза електрика, надзор и ревизија на проекти и паралелно со увоз на електрична опрема, специјализирана за осветлување. Резултатите во работењето се проекти за фаза електрика за повеќе од 400 објекти меѓу кои се хотелите во Скопје „Александар Палас", „Холидеј Ин" и „Парк Резиденс", хотел и казино „Принцес" во Гевгелија, осветлување на хотел „Континентал" и управната зграда на „Макпетрол" во Скопје, наплатни рампи, спортски сали, винариите „Стоби", „Попов" и „Тиквеш" итн. Повеќегодишните активности во рамките на Комората опфаќаат ангажман во Комисијата за издавање овластување, членство во Собранието на Комората, членство во Надзорниот одбор на КОАИ, а исто така е и автор на проектот фаза електрика на новиот објект на КОАИ.
Веќе повеќе години е член на комитетот ТК 31 во склоп на Институтот за стандардизација на РМ, одговорен за електрични инсталации и осветлување.
Исто така, член е на Одборот за соработка и односи со јавноста на ФЕИТ при УКИМ.